ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **06.02.2023 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**,Секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска,**Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски,**Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**, ,Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на Општина Крива Паланка**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период ,а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година.

- Да се постапи ургентно по забелешките од апликацијата со Словенската Амбасада;
- Да се води секојдневна евиденција и контрола на работното време на секој вработен и да се доставува извештај до раководителите;
- Да се дадат писмени насоки до сите вработени и раководители да ги носат беџовите за време на работниот ден;
-Да се преземе контрола околу барањата поднесени од граѓани за помош со градежни материјали како и од Месните заедници;
-Да се изготват извештаи и записници за потрошената електрична енергија за контролните броила на подрачните министерства и да се задолжат со плаќање на зголемените сметки за електрична енергија;
-Да се направат соодветни контакти со Македонски телеком околу можноста за вградување на тајмери за улично осветлување;
-Да се организира работен состанок со проценителите;
-Да се определат модераторите и ко-модераторите околу организирањето на програмските форуми;
-Да се обезбедат информации по однос на прекугранични повици со Р.Србија и Р.Косово до каде е постапката и процесот на одлучување.
-Да се исконтактира со МЛС во врска со повратот на средства од проектот со Р.Косово и поврат на средства од Лесковец, Р.Србија;

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Задолженија за Раководителот на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Да се разгледа можноста во програмата за спорт како да се направи фонд за спорт,,иницијатива еден денар за спорт,,преку сметките на ЈП Комуналец за вода за пиење.
-Да се даде информација по однос на апликацијата со Р.Србија

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Задолженија за Раководителот на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

- На проектантските фирми да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

1. **Параметар**

( Дом за стари лица да се подели во две фази и истиот да се подготви за одобрение за градба,предмер пресметката да се достави до ЛЕР за подготвување на апликација за МТСП )
( Урбанистички проекти за инфраструктура за парцелата на Треска,Калин Камен, водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

2. **Аква**
( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

3. **МГ Проект**
(Да се даде проектна задача за Детските катчиња во населба Илинденска и населба Метролошка, инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови село Конопница )

4. **Еуро Роад**
(Да се довршат сите дилеми околу централната градска улица и потпорните стени,сообраќајниот проект и истиот да се подготвува за одобрени за градба, оваа недела проектната документација да се однесе на рагледување во МТВ и истиот да се даде на ЛЕР за подготвување на ПАД
(Населба Илинденска да се продолжи со проектирање)

5. **Ин пума**

( Депонија за инертен отпад ургентно да се отпочне со проектирање)

6. **24 Инг**

(Сообраќаен проект за траен режим на централна градска улица и основен проект за зонско паркирање + да се организира работен состанок со проектантите,МВР, Јорданчо Миневски околу сите дилеми и конечни решенија за зонското паркирање)

7. Обезбедување на техничка документација за ПУМП трака;

8.Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 година;

9.Да се отпочне постапка за изготвување на урбанистички проект за поставување на фотоволтаичен пар во село Мождивањак;

10.Да се даде поголем фокус на процесот на Легализација околу динимката на работењето на предметите по однос на бесправно изградените објекти и да се направи пресек на досега сработени предмети и останати предмети за работа;

11.Секој понеделник заедно со Иван Велиновски да се реферира и изготвува извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови;

12.Да се подготви одобрение за градба за улица :

- Ристена Гогова
-Калин Камен,
-Централна Улица,
-Старечки Дом,
- Градски мостови,
-Регулација на Дурачка река со сервисна улица.

13.Да се разгледа можноста за локација за поставување и уредување на детско игралиште во населба Единство и за истот да се нарача елаборат за поставување и да се испланира за кофинасирање со ребаланс на Буџетот;

14.Заедно со Даниела Велковска да се изготви писмо до МТСП во врска со Дом за стари лица;

- Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за Одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Да се организира работен состанок со проценителите во врска со начинот и динамиката за работа по однос на процесот за проценка на имот на територија на Општина Крива Паланка;
-Да се разгледа можноста за издавање на Општинска обврзница и можноста за ново задолжување и сервисирање на старата;
-Да се достават препораките од УНДП до сите раководители;
-Да се изврши исплата на барање од Месна Заедница,с.Мождивњак;
-Да се изготви список за блокирање сметки за неплаќање данок на имот;
-Да се организира Работен состанок со Даниела Велковска,Јорданчо Миневски и Маја Костадиновска во врска со поставувањето и за отпочнување со работа на ЈП Калин Камен околу зонското паркирање;
-Да се изготви кварталниот извештај за седница на Совет на Општина за 28.02.2023 година;
-Да се земат предвид сите одобрени апликации за кофинансирање и иститe да се испланираат со првиот ребаланс на Буџетот;
-Да се изврши исплата по однос на барањата од спортските клубови;

Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

1.На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисокда достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

**1**.Параметар
( дом за стари лица да се подели во две фази и истиот да се подготви за одобрени за градба,предмер пресметката да се достави до ЛЕР за подготвување на апликација за МТСП,)
( Урбанистички проекти за инфраструктура за парцелата на Треска,Калин Камен, водовод село Момдивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци);

**2**.Аква
( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци);

**3**.МГ Проект
(Да се даде проектна задача за Детските катчиња во населба Илинденска и населба Метролошка,инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови село Конопница );

**4**.Еуро Роад
(Да се довршат сите дилеми околу централната градска улица и потпорните стени,сообраќајниот проект и истиот да се подготвува за одобрени за градба,оваа недела проектната документација да се однесе на рагледување во МТВ и истиот да се даде на ЛЕР за подготвување на ПАД;
Населба Илинденска да се продолжи со проектирање)
( проектирањена потпорни стени Ратко Минев, школо Илинден,Калин Камен ;

2. Да се види околу начинот за обезбените средства за тамонирање на селски патишта во с.Градец населба Мизолски Ливади од МЗШВ за постапката за распишување на тендерска постапка и сл.

3. Да се исконтактира со фирмата Лабино за доовршување на градежните активности под зградите во населба Единство со изместувањето на главниот колектор, да се врати во првобитна состојба за да може да се користи за паркинг;

4. Да се организира состанок со фирмата изведувач Стоименов на пешачката патека Стара вада и тротарите низ централната градска улица околу неизведените позиции од проектот ( трем пешачка патека, габиони од Осички Мост, тротоари пред облаче, тротоари пред Орион и сл..) за истите тие количини и вредноста да се надополни со вградување на тротоари што не се предвидени во проектната документација;

5. Да се подготви одобрение за градба за улица
Ристена Гогова
Калин Камен
Централна Улица
Старечки Дом
Градски мостови
Регулација на Дурачка река со сервисна улица;

6. Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

Скали Трновска Мала
Уредување на простор пред Јоаким Крчовски
Уредување на паркинг простор Дурачка Река
Скали кај Мирса Инспекторката
Потпорензид Мизовски ливади

7 Да се искординираат заедно со ЈП Комуналец за да се решат приклучоците за каналазациони мрежа во Бурови Бавчи, Жарко доктор село Конопница и колектор градски пазар;

8 Да се разгледа можноста за локација за поставување и уредување на детско игралиште во населба Единство и за истот да се нарачи елаборат за поставување и да се испланира за кофинасирање со ребаланс на Буџетот;

9.Да се постапи по неодговорените барања од граѓани и Месни заедници и да се даде соодветен одговор;

10. Да се исконтактира со ЕВН околу изместувањето на далековоната линија во село Можедивњак, да се уплати за изместувањето и да се даде налог за почеток на работа;

11. Да се исконтактира со АМС во врска со проктната документација за повеќенаменскното игралиште во село Можедивњак и за фитнес зоната на спортскиот комплекс;

12. На Кире Велевски да се даде писмена наредба со конкретни задачи да направи ажуриран список со целокупната проектна документација која ја поседува Општина Крива Паланкаи поединечен пресек на секој проект што треба дополнително да се обезбеди до одобрение за градба;

13. Да се исконтактира надзорот МГ проект и да се направи вовед во градба на фирмите КООП и ЦВЕТ по однос на средствата обезбедени од БЗРР;

14. Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023;

15. Да се види околу погрешните проценки во село Кркља и можноста истите да се корегираат ;

16. Да се види околу постапката со МЖС за поставување на системи за регулација на притисокот на вода;

17. Да се даде налог на Мелтон за санирање на решетките каде што се оштетени;

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Задолженија за Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Да се изготви ажуриран регистар на Локални компании,НВО,Спортски клубови и здруженија,Амбасади,Влада на РСМ,Директори на национални институции,подрачни министерстваи локални институции.

-Да се исконтактира Стојанче Величковски околу изготвување на туристички водич за Општина Крива Паланка;

-Да се работи на документ за оценка на проект –ПАД за централната градска улица;

-Да се работи на Апликацијата за Дом за стари .лица;

-Да се закаже прва седница на Локалниот Економски Совет за 18.02.2023 година,како секретар да биде назначен Сашко Додевски;

-Да се разгледаат активните повици и можноста за аплицирање на истите;

-На ВЕБ стрната да се вградат сите програмски активности и процедури за аплицирање и истата да биде дополнета со информации од културата,спортот,образование,ТППЕ-Крива Паланка ,Социјална и детска заштита за млади и сл;

-Да се распишат сите планирани јавни набавки по планот за јавни набавки;

-Организација на проектен форум со УНДП;

-Да се реализира исплатата по однос на програмските барања на спортските клубови и здруженија;

-Комисијата да заземе став и да се одговорат сите поднесени барања од страна на граѓани;

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за Одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за Одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Да се исконтактира со Државен сообраќаен инспектор и да се најде начин да се издаде Овластување на Општински сообраќаен инспектор;

-Во координација со Маја Костадиновска да се изготви писмо до МТСП во врска со Дом за стари лица;

-Повторно да се распише јавен оглас за да се даде по наем школото во с.Станци;

-Работен состанок со Марија Златановска,Јорданчо Миневски и Маја Костадиновска во врска со поставувањето и започнувањето со работа на ЈП Калин Камен околу зонското паркирање;

-Седница на Совет на Општина да се закаже за 28.02.2023 година;

(Извештаи по програми,Квартален извештај,Одлука за уредување на Градежно земјиште ,Одлука за комунален ред ,Извештај ПС Крива Паланка).

-Да се распишат сите планирани јавни набавки од планот за јавни набавки за 2023 година;

-Локален Совет за превенција да се закаже за 13.02.2023 година;

-Формирање на комисија и исготвување на записник за примопредавање на објектите во село Конопница и Градски Базен;

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за Одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Ангажираните лица преку програмата за Социјални работи да се ангажираат во складот на ЈП Комуналец се додека не завршат таму до целосно расчитување;

-Да се даде извештај по однос на средбата со месното население во населба Маневци;

-Да се изготви Одлука за комунален ред за оваа седница на Совет на Општина;

-Да се даде налог за отстранување на земјата пред мотел Македонија;

-Да се даде извештај по однос на одржаниот состанок со Македонски Шуми,Македонија Пат и Комуналниот инспектор дали се има издадено решение за еча и дали е постапено по истото кај(речното корито на Крива Река ,село Градец,Македонски Шуми и автопат).

-Да се излезе на терен заедно со Миле Марковски за да се утврди трасата на водоводната линија во с.Градец.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

1.Да се стави акцент и фокус на работата на подигањето на нова зелена површина во речното корито од Осички мост до спортскиот комплекс и од Шанин мост до Бегови Бавчи;

2.Да се превземат активности и организација за подигање на дрворедите од Осички Мост и да се искординира со фирмата Стојменов која работи на уредување на тротоарите и фирмата Росен за Јапонската Цреша;

3. Да се превземат активности околу уредување на складот на ЈП Комуналец во Циглана и истиот да се огради;

4. Да се направи целосен сервис на целкупниот возен парк. Да се предвиди во буџет и јавни набавки одржување и сервис на возила на механичари и авто сервис;

5. Да се направат соодветни подготовки за реновирање на градскиот пазар преку обнувување на тоалетот и фарбање на оградите;

6. Да се превземат мерки околу доцното започнување со работниот ден и раното заминување на работниците од ЈП Комуналец;

7. Заедно со комуналното одделение да се излезе на терен и да се превземат активности околу приклучоците за канализација во населбите во Бурови Бавчи,Жарко докторот, во село Конопница и Колекторот кај Градски Пазар;

8. Ефектот и видливоста во метењето на споредните улици е на ниско ниво ( никој не им врши контрола на работниците) Постојано се касни и рано се заминува од работното место;

9. Канализација Ратко Минев;

10. Ургентно да се продолжи со постапката за нова организација на ЈП Комуналец;

11. Да се земе активно учество во изготвувањето на проектната документација за водовод во Вирови Грамаѓе,Мождивњак и канализација во Конопница;

12. Метењето на јавните површини, централната улица и споредните улици да продолжи според утврдената динамика. Оваа недела повторно да се изврши метење на тротоарите на автопат. На споредните улици да одат организирно на метење во група, за да има видливост и ефект;

13. Тракторот секојдневно да врши обиколка на сите улици за собирање на кабест и земјоделски отпад;

14. Да се остранат корењата од речното корито кај бабин дол и камењета во спортскиот коплекс;

15. Да се набават црева, прскалки за сите косини и зелени површини предвидени според програмата за зеленило;

16. Набавка на тримери за косење трева;

17. Да се набави прихрана и средство за регенерирање на сите зелени површини каде се оштетени;

18. Да се заврши мостот кај Треска.

-Тековни активности

**Задолженија за работа на јавна чистота**

**ЈП Комуналец**

1. Неделно вечерно миење на централната градска улица (точен распоред)
2. Неделно миење на тротарите од Мотел Македонија до ресторан Облаче со цистерна (точен распоред)
3. Неделно Миење на пешачко ролерската патека со цистерана (точен распоред)
4. Неделно дневно миење на градскиот парк и плоштад и плоштадот пред Општина (точен распоред)
5. Неделно миење на детското катче во Градскиот Парк
6. Дневно миење на споредни улици со цистерната и метларкатата ( точен распоред)
7. Неделно миење на градскиот пазар ( точен распоред)

8. Месечно миење атлетска патека Спортски комплекс
9. Месечно миење на пат од Осички мост до Мотел Македонија
10. Месечно миење на пат до Манастирски Комплеск Јоаким Осоговски
11. Месечно миење на тротари на автопат

12. Редовно чистење на Сточниот пазар

13. Редовно собирање на кабест и земјоделски отпад

14. Секојдневно метење на површините под контињертите

15. Темелно метење на тротарите ( се мете површински )

16. Нов распоред за метење каде што ќе се вклучат и нови изградените тротари

17. Ставање во целосна функција на метларките и правосмукалките

18. Распоред за работа за време на викенд

19. Месечно да се спроведуваат акции за чистење под и околу сите садови за отпад

20. Ургентно да се потсреди просторот – складот во Конопница

21. Да се направи план и се реализира истиот во наредниот месец за чистење на ризлата и чистење на ивичњаците и рабниците на улиците .

22. Чистење на улици со обврска за чистење на ивичњаците од земја и вегетација ( горниот дел и надворешниот страничен дел ) за да има резултат на целосна исчистена улица

23. Да се набави соодветно средство за уништување на вегетацијата во определен период пред нејзино развивање.

24. Да се исчистат и уредат јавните тоалети на гробиштата (до задушница)

25. Да се отстранат нефункционалните корпи за отпадоци на канделабрите покрај магистралната улица и да се обезбедат соодветни нови со предлог како на главна улица)

26. Кон крајот на наредниот месец да се организира Акција за собирање на Габаритен

отпад

27. По повод денот на пролета да се организира акција за чистење на диви депонии

28. Да се подобри хигиента и одржувањето во Градската капела редовно чистење

**Задолженија за јавно зеленило и хортикултурно уредување за 2023**

**ЈП Комуналец**

1. Подигање на дрворед Јапонска Цреша од Осички Мост до Мотел Македонија;
2. Подигање на дрворед Каталпа од ресторан Веки до Касарна ( лево и десно со големо растојание);
3. Да се уреди просторот со зимзелени дрвца кај Борчева Кафна и да се осветли со зелени рефлектори;
4. Да се уредат со декоративно цвеќе цветните фигури градски парк и Градечки мост со ВЕРБЕНА;
5. Покрај речното корито ќе се направат дополнителни цветни фигури истите да бидат уредени со ВЕРБЕНА;
6. Подигање на зелена површина од Шанин мост до Бегови Бавчи и лево и десно од речното корито ;
7. Подигање на зелена површина од Спортски коплекс до Бабин Дол и лево и десно;
8. Набавка на нови тримери за косење на трева;
9. Набавка на црево,прскалки за сите косини и зелени површини;
10. Неделно чистење на фонтаните пред Општина и градски парк;
11. Обнова на Општинскиот Грб кај Шана;
12. Секојдневно чистење на Спортската Сала;
13. Обнова на сите позиции со бел декоративен камен и црвени трески;
14. Регенирирање на тревата во речното корито со прихрана;
15. Точен распоред и секојдневен притисок со прва и втора смена за косење на трева во речното корито, Бабин Дол, Клучките, пешачките патеки, Дурачка Река, спредните улици и дивата трева покрај пат;
16. Да се формира тим за сечење на дрвја и собирање на дрвна маса бидејќи има потреба од отстранување на дрвја на неколку локации, дрвната маса е добра за огрев на објектите на јавното претпријатие;
17. Штом ќе дозволат временските услови да се офарбаат со вар дрвјата од дрворедите во висина од 1метар од површината на теренот превентивно како заштита и обележување;
18. Да се офарбаат и санираат клупите покрај пешачката патека во речното корито;
19. Да се постават нови клупи особено покрај пазарската патека;
20. За денот на пролетта да се обезбедат 151 рози /трендафили во чест од раѓањето на Гоце Делчев (или пак некој друг повод ) кои треба да се засадат покрај пазарската патека од пазар до Виолетов мост од страна на вработени од општината, јкомуналното претпријатие, училиштата и граѓански организации;
21. Во наредниот месец да се офарбаат оградите на малите мостиња во речното корито на Крива Река;
22. Да се разгледа можноста за поставување на некои нови цветни форми на зелените површини;
23. Предлог за размислувања (предлог како добра идејата на зелената површина кај спојот на Дурачка Река во Крива Река да се направи спој на две срца, симболика ,,како што се спојуват двете реки во една се спојуват машко и женско во врска, брак со некоја

форма клупа во форма на срце).

**Генерални препораки до ЈП КОМУНАЛЕЦ**

**Забелешки :**

1. Уште на почетокот на оваа година се согледа дека се повторува несоработката и некординираноста помеѓу раководителите на секторите во комуналното претпријатие за одредени комунални активности како што се на пример :

- кој сектор каде ќе чисти снег од јавни површини (судир помеѓу зеленило и јавна чистота) не изготвен соодветен писмен план со прецизни локации од одговорниот на секторот.

- кој сектор ќе ја чисти и одржува атмосферската канализација ( се префрла работата помеѓу секторот за јавна чистота и секторот водовод и канализација )

- кој сектор ќе го собира отпадот во паркот ( судир помеѓу зеленило и јавна чистота)
- проблеми со чистење на долови итн.

- не се носат униформите и не се почитува крајот на работното време од теренските извршители

- кој ја контролира работата на метларката, има ли писмен план каде треба да чисти зошто ризлата што ја собира ја одлага во контејнерите за комунален отпад ( виден е кај социјална зграда и кај Пензионерски дом а ризлата може повторно да се употреби за некои потреби )

- зошто не се изготвува Годишна Програма за одржување и уредување на гробишта согласно законската регулатива.

- долот во Единство се чисти историски веќе три месеци и пак пола не е исчистен , неколку пати работниците чекаат по неколку саати да дојде трактор и скип.

- што се случува со механизацијата и возилата ( нови возила постојано во дефект )или не се домаќински постапува и одржува како треба или пак не се управува како треба . Не е во ред при толку обезбедени возила да немаме возила во секој момент во функција.

**Битни задачи :**

Одлуката за комунален ред и нејзино спроведување е доставена до вас како таква уште пред три недели, не е јасно како раководители дали ја имате прочитано, ако не е разгледана во текот на оваа недела добро да се разгледа посебно областите кои се раководат и доколку има забелешки, измени или дополнувања да се достават од ваша страна до Општината за да бидат истите разгледани, со оглед дека одлуката за комунален ред како точка ќе оди на дневен ред на седницата на Советот на Општината.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 06.02.2023 година

-Да се излезе на терен во с.Градец заедно со Миле Марковски и Бранко Велиновски околу утврдување на трасата на водоводна линија до школото во с.Градец;

-Да се искординира сечењето на дрвјата во с.Градец.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

1.Седница на Совет на Општина ќе се одржи на ден 28.02.2023 година и за истата да бидат изготвени:

-Извештаи по програми ,
-Одлука за комунален ред
-Одлука за уредување на градежно земјиште ,
-Квартален извештај и поднесување на Извештај од ПС Крива Паланка.

2.Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 година.

**06.02.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**